


# СОРАБОТНИК ЗА РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ ЗА НАСЕЛЕНИЕ

**Локација:** Скопје

**Сектор:** Сектор за население

**Работно време:** Полно работно време

**Оддел:** Оддел за Развој на Производи за население

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство - Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**обезбедена обука за работа**

**континуирана обука и можност за кариерен развој**

**приватно здравствено осигурување**

**конкурентна плата и надоместоци**

**мотивирачка организациска култура**

**активности за добросостојбата на вработените**

## Што ќе биде твојата улога

Развој на нови и подобрување на постоечките производи и услуги за население (кредити, депозити, осигурувања, трансакциски сметки, пакети и други производи и услуги) вклучувајќи го и управувањето со тарифата и каматните стапки за погоренаведените производи и услуги;

Предлози за развој на нови производи вклучувајќи и проценка за развој на предлозите за воведување на нови производи добиени од продажните сектори;

Предлози за прилагодување  и редизајн на постоечките производи и услуги;

Координација на имплементацијата на новите и измената на постојните производи и функционалностите поврзани со истите, вклучувајќи изработка на бизнис (cost/benefit) анализа, подготовка на кориснички  спецификации, софтверски барања  како и тестирање и потврда на испорачаните софтверски решенија во соработка со сите инволвирани страни во процесот (интерни и екстерни);

Поддршка во процесот на промоција на производите на Банката;

Развој, промоција и мониторинг на сите аспекти (аквизиција и лојалност) на производите;

Придонес при подготовката на рекламни, промотивни материјали и материјали за поддршка за продажба на банкарските производи и услуги;

Истражувања и мониторинг  на пазарните и конкурентските промени и трендови и дава предлози за адаптација на тарифните и каматните услови како  и производите и услугите;

Креирање и ажурирање на Каталогот на производи.

## Кои квалификации се потребни

ВСС - Економски факултет, Факултет за информатика, Факултет за електротехника

Минимум 1-3 години работно искуство во областа

Претходно банкарско искуство на позицијата т.е. во сегментот на население ќе се смета за предност

Одлично познавање на основните информатички вештини (Microsoft Office) и активно познавање на англиски јазик писмена и усна комуникација

Добро познавање на банкарските производи, услуги  и процеси, особено познавање на кредитните и депозитните производи, движењето на пазарот и познавање на информационите системи на банките

Способност за препознавање на потребите на клиентите, комуникативност, самоиницијативност, креативност, способност за аналитичко и развојно размислување, вештина  за брзо препознавање и решавање на проблемите, организациски способности, флексибилност и посветеност кон работата, способност за тимска работа.

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **26.07.2024** со назнака **„Апликација за СОРАБОТНИК ЗА РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ ЗА НАСЕЛЕНИЕ“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #верувајвоиднината #кариераБезБариера**